Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20), претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 1/2022 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место број 1 - Раководител на одделение за спречување и заштита од дискриминација и промоција на принципот на еднаквост, во Сектор за заштита и спречување на дискриминација, со звање раководител на одделение и шифра на работно место УПР0101Б04000, се избира кандидатот Севги Идриз Муратоглу.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 27.07.2022 година, објавен е Интерен оглас број 1/2022 на веб страницата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и на веб страницата на Агенцијата за администрација.

Со решение број 04-392/9 од 08.08.2022 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници по пат на Интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04 392/14 од 12.08.2022 година и Записник за спроведување на интервју број 04-392/16 од 12.08.2022 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работното место под број 1 - Раководител на одделение за спречување и заштита од дискриминација и промоција на принцип на еднаквост, во Сектор за заштита и спречување на дискриминација, со звање раководител на одделение, претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Претседател**
**Кире Василев**

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Одделение за административни работи;
- Архива.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 04-392/18
12-08 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP